# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Второто продолжение на Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 јуни 2000 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Илјаз Халими, потпретседател на Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, претставници на Влада,

Продолжуваме со работа по Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во меѓувреме во салата влегоа уште 5 пратеници, така што констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да работи. Значи имаме кворум за работа.

Продолжуваме со работа по точката 2 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г. пратеник Бузлевски Димитар.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги, ние се сеќаваме, некаде во април минатата година беше пред Собранието предложен Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал и, во таа прилика имавме можност да ги искажеме нашите согледувања и нашите предлози по тогаш предложениот текст на законот.

Јас, заради мои потреби, го обезбедив стенограмот од тогашната седница и сакав да се потсетам на расправата што тогаш се водеше во Парламентот околу тогаш предложениот закон. Ако се погледне стенограмот ќе се види кој што рекол тогаш. Тогаш, пратеничката група, излеговме со наши дискусии што во основа беа насочени кон критика на тогаш и таквиот предложен закон. Критиката беше врз содржината на текстот што се нудеше во тој закон, се нудеше можност, а после тоа со примената и реализацијата на процесот на до приватизација преку непосредни спогодби.

Ние, заради транспарентност на одвивање на процесот на приватизацијата, тогаш предложивме амандман што интервенираше во содржината на законот, кој што како амандман предлагаше токму тоа што денеска се нуди пред Собраниево, тогаш да се усвои. Но, тогаш и како пратеничка група и како пратеници овде во овој дом бевме изложени на една лавина критики што се однесуваше на тоа дека СДСМ, како пратеничка група, нуди концепт што е антиреформски, што имаа за цел да ги запре процесите на приватизација во Република Македонија и, крајно, има за цел да ја отежни приватизацијата на Македонија во рамките на преговорите на Република Македонија со Светската банка и ММФ. Дури, на поединци од нас ни се упатуваа лични критики како лица кои декадентно гледаат на процесот на приватизацијата и како такви сакаат да придонесат да се оствари еден застој во Република Македонија, а со тоа да се стават во прашање вкупните реформи како стопански реформи во Република Македонија.

Но, како што гледате господа пратеници, не било тоа така. не било така како што се етикетираше пратеничката група на СДСМ. Напротив, било како што сега предлага Владата на Република Македонија во Парламентот.

Се прашувам, дали за една година, една година и нешто Владата влезе во еден реформски од и согледа дека тоа што го понуди тогаш на Парламентот, а што Парламентот или позицијата на Парламентот го прифати е освестување и започнување на еден реформски процес во Република Македонија, таков како што светот го почитува? Јас можам да сфатам дека Владата може да предложи пред

Парламент законско решение што мисли дека е најцелисходно, но не можам да сфатам пратениците да прифатат такво решение или позицијата прифати такво решение што отскокнува од сите норми на пазарна економија и што, врз процесот на приватизација, фрла една темна сенка.

Надевајќи се дека тие размислувања во Владата се надминати и дека заради тоа пред Парламентот се нуди Предлог на закон што е коригиран, во основа, со забелешките што тогаш ги дадовме ние, во меѓувреме до мене дојде Извештајот на Светската банка и имав можност да погледам што во него пишува токму за ваквите процеси и ваквите активности во Република Македонија.

Значи, иницијативата за измена на законот не е од Владата, не е заради реформскиот дух што толку убедливо се манифестира и тоа само вербално во Република Македонија од страна на Владата, туку на Владата и се препорача од Светска банка да ги предложи ваквите измени до Парламентот. Тоа значи дека тогаш предложениот закон сосема отстапува од документите врз кои што работи ММФ.

Господа пратеници, кажавме ние и минатиот пат дека во рамките на ММФ постои Правилник на фискална транспарентност и кажавме дека тогаш предложените решенија и после прифатени од Парламентот, отстапуваат од содржината на тој Правилник, отстапуваат до толку што предвидовме дека со вакви решенија што се понудени во Република Македонија, Република Македонија тешко ќе склучи аранжман и со Светска банка и со ММФ. За жал, тоа тогаш што го укажавме еве, се потврдува во пракса и до сега и заради оваа ситуација околу содржината на ваквите закони, Република Македонија се уште нема склучено аранжман ниту со Светската банка, ниту со ММФ. Оттаму, мислам дека е добро што се увиде една крупна грешка, што на Република Македонија и донесе голема несреќа во економијата и се прави обид да се измени, да се напушти досегашниот концепт, да се поправи грешката за да може да се обезбеди, во овој дел, за оваа проблематика, позиција во преговорите со Светската банка и со ММФ.

Многу често се повикуваме на Светската банка и ММФ за тоа што тие бараат да се промени во нашата законска регулатива, заборавајќи дека тоа што треба да се прави, треба да се прави пред се за економијата во Република Македонија и за граѓаните на Република Македонија, а тоа што се прави да е компатибилно со правилниците за фискална транспарентност што се како норматива утврдени во рамките на тие такви институции од кои што нема бегање, што треба доследно да се почитуваат.

Законот е краток. Во Законот се менува тоа што нужно мораше да се промени. Да се напушти досегашната пракса, непосредно склучување спогодби за продажба на општествениот капитал, на претпријатијата. Но, јас сум скептик дека и оваа измена што се нуди во еден член, во Законот, ќе биде прифатлива и за македонската економија и за институциите свртени кон помош на македонската економија.

Инаку, да беше измената само на првиот член, ние ќе се потсетевме на расправата од 29 април минатата година и ќе гласавме за ваквата измена. Но, со измената што се нуди во вториот член, каде што се обезбедува сите процеси што се започнати да продолжат така како што се одвивале во претходната година, мислам дека со тоа навистина се отстапува и овој пат од принципите на работа што се вградени во Правилникот за фискална транспарентност и се остава простор за големи дилеми што се присутни кај нас за тоа како ќе се произнесеме по содржината на Законот.

Во Законот има една формулација што е толку воопштена, што точно гласи: Отпочнатата и незавршена постапка на продажба на претпријатието со непосредна спогодба, продолжува согласно постојните одредби".

Се прашувам дали освен Владата, се прашувам дали освен некој во Владата има список на отпочнати а незавршени постапки?

Се прашувам дали има норма што значи отпочната, а што значи незавршена постапка?

Се прашувам дали во терминологијата „отпочната и незавршена постапка"се вклопуваат активностите на министри и заменици министри кои контактираат со стратешки инвеститори и тоа кои контактираат со одржување на состаноци на кои што се договараат дека одреден дел од односното претпријатие ќе се продаде со непосредна спогодба?

Се прашувам јас, а мислам дека треба и пратениците да се прашаат, дека со оваа, ваква формулација во членот 7, многу лесно Владата може, бидејќи не е прецизна, бидејќи нема овој член таква прецизност каква што се бара од него, да сите претпријатија кои што се во фаза на приватизација на општествениот капитал и негова трансформација да бидат опфатени под овој член? Тогаш, зошто ни е претходната измена ако во рамките на овој Закон даваме и ваква можност што ја дерогира и претходната измена?

Кај мене постои голема дилема, се надевам дека успеав на некој начин да ја пренесам дилемата и кај Вас, господа пратеници, затоа што ако направивме една групна грешка во април минатата година, и иста таква грешка не би требало да правиме денеска со усвојување на овој Закон. Затоа што оваа формулација, понудена во Законот, ги отвора сите дилеми што нужно треба да се јават кај секого од нас, дека се прави само една формална измена, да се задоволи една норма што е вградена во еден документ, што треба да се почитува, а тоа е Правилникот за фискална транспарентност, а со меѓу редови се допушта да продолжи процесот на приватизација на начин каков што и досега се одвивал.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ние имаме поднесено амандман кој е многу краток и кој нуди бришење на член 7 од овој Закон со кој сакаме на коректен начин конструктивно да придонесеме, Законот што ќе го донесе Парламентот, со бришење на член 7 или да не постои член 7 во Законот, да биде прифатен од експертите кои ги следат реформските токови во РМ и кои одлучуваат за финансиска помош на РМ. Инаку ако се оствари ваквата формулација во законот, многу тешко и натаму ќе им биде на преговарачите со обезбедување на една позиција која може да резултира со склучување на аранжман со Светската банка и со ММФ. Затоа мислам дека е крајно време да се прифати нешто што го нуди опозицијата, да се прифати нешто што на конструктивен начин се обидува опозицијата да придонесе во формулирање на законските одредби од овој Закон, а и од други закони. Намерата ни е да го коригираме она што не се согледало, или се согледало па се прави обид на еден поинаков начин да се подметне за да продолжи еден процес кој веќе е започнат и што се сака да се одвива на таков начин за наредниот период. Со еден таков приод само ќе направиме крупен чекор кон обезбедување на една клима за до приватизација на неприватизираниот капитал која во суштина ќе го има белегот на транспарентноста.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Димитар Бузлевски.

Има збор пратеникот Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Г-дине министре, бидејќи и при првата измена на овој закон со кој се овозможи приватизација по моделот со непосредна спогодба ја бранев оваа измена, би сакал и сега да кажам неколку збора , при нејзиното изземаше од Законот за приватизација.

Ако направиме една ретроспектива на се она што се случуваше при воведувањето на овој модел па се до денеска, а најверојатно ова ќе продолжи се до изборите, ќе дојдеме до еден заклучок.

Прво, цело време се алудираше само на негативностите на овој модел, а пред се на можностите за договарање "во четири очи, кабинети и сл.", а се со цел, една единствена, според мене, според мене да се предизвика чувство кај граѓаните дека се измамени, дека државата се распродава и сл.  а без при тоа да се има било каков доказ.

Сега до колку не ја знаеме состојбата во државата, можеби би можеле и да прифатиме одредена констатација. Меѓутоа, состојбите кај нас се сосема други и би сакал накратко да елаборирам дел од актуелните состојби во државата, секако во делот на приватизацијата. Значи приватизацијата во РМ не започна во 1999 година, туку во овој период веќе беше во завршна фаза.

Кај нас, според Уставот, законите не важат ретроактивно, што значи дека приватизацијата ќе мора да се заврши според законот т.е. според концептот донесен од страна на Владата на СДСМ за чии последици сега не би сакал да зборувам, меѓутоа, ќе го задржам моето право за ова да продискутирам во друга прилика. Значи, кога се носеше овој модел за непосредна спогодба во државата не започнуваше приватизацијата, туку истата беше во завршна фаза.

Сега ако ги погледнеме фирмите кои останаа за приватизираше ќе видиме дека се работи за фирми кои се наоѓаат, во најмала

мера, во очајна ситуација. Долговите што ги имаат направено овие фирми, за нив не би дискутирал, бидејќи на сите ни е јасно кој е виновен за тоа. Значи, со овој модел на приватизација ниту се приватизираше Скопска пивара, ниту се приватизираше "Цементара" ниту било која фирма која работеше рентабилно во РМ. Се приватизираа фирми со финансиски дубиози од 70 милиони долари, 50 милиони долари, 30 милиони долари итн. Што значи истите или мораше да се приватизираат или да се ликвидираат, што би значело нови луѓе на улица. Уште повеќе ме чуди што обврската за тие фирми ја презеде претходната власт а не оваа, која обврска беше сосема јасна, а тоа беше или приватизација на истите фирми или нивна ликвидација. Повторувам уште една, се работи за фирми со застрашувачки финансиски дубиози.

Сега накратко би сакал да потсетам дека таков начин на непосредна спогодба практицира повеќето земји од земјите во транзиција и овој начин на продажба точно додека беше дозволен од Светската банка и Европската Унија.

Не би сакал да дискутирам, но би било во ред да се продискутира и за тоа зошто во тој период, кога сето тоа беше и дозволено не беше искористено да се заврши приватизацијата во РМ меѓутоа сега ако анализираме, година и нешто сме сведоци на огромните напори на Владата позитивно да се решат овие претпријатија, што значи, да останат да работат, но да работат профитабилно а не на товар на целата држава т.е. на товар на буџетот на РМ.

Ако резимираме и гледаме реално на работите е дека и со овој модел излезот од кризата, во која повеќе години се наоѓаат овие претпријатија одат тешко. Но за наша среќа одреден дел од нив кои беа во првата група на загубари се позитивно решени, што значи истите продолжуваат да работат, но за разлика од досегашното работење во иднина ќе работат пазарно, а не на товар на сите граѓани на РМ. Дел од нив секако ќе мора да се ликвидираат. Значи воведувањето на овој модел беше со цел да се спасат што е можно повеќе претпријатија, со што се постигнува двоен позитивен ефект, а тоа е продолжување со работа на истите, меѓутоа профитабилно, што значи нема нови отпуштања и нема повеќе оптоварување на буџетот поради нивното работење. Меѓутоа, очигледно е дека сето ова некому не му оди во прилог и сега имаме состојба овој модел да биде укинат. Со укинувањето на овој модел, секако најмногу ќе и ја олесниме работата на Владата. Меѓутоа, што ќе се случи. Ако и по повеќе тендери или продажби на берзата не се најдат купувачи за преостанатите фирми , кои речиси 100% се со финансиски дубиози и ќе мора истите да бидат ликвидирани и нормално работниците да останат на улица. Затоа уште сега би прашал дали во тој случај опозицијата ќе излезе на улиците и ќе им каже на работниците дека тоа всушност така мора да биде.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Горанчо Трајков.

Има збор пратеникот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа,

Ќе признам, поинаков ми беше концептот на дискусијата, меѓутоа последниот дискутант навистина ме мотивира со својот настап и аргументите што ги употреби при одбраната на Предлогот за изменување и дополнување на двата закони, и Законот за трансформација и Законот за приватизација.

Ако стојат аргументите што ги изнесе г-динот, тогаш јас поставувам јавно прашање, зошто ги менувате законите. Ако било добро на тој начин да се продаваат зошто доаѓате пред Собранието да ги менувате токму тие одредби за кои ве напаѓавме кога ги сменивте. Тоа е прво.

Второ, апсолутно не држи аргументот, наводно дека Институтот тендер го блокира процесот на приватизација и трансформација. Тоа апсолутно не држи од причина што вие можете, условите за трансформација или продажба да ги направите така достапни и привлечни за да можат тие да се приватизираат односно трансформираат, а не тој институт кој гарантира транспарентност и чесност во продажбата да го укинете под алиби дека не може да се продаде, вака ќе се стимулира тоа, ќе се привлекуваат инвестициите, а всушност тоа овозможува малверзации и продажба во четири очи. Така да многу јасни се работите и не случајно Владата сега доаѓа да го коригира својот погрешен потег што го повлече пред година дена. Предноста е во тоа што ние и тогаш укажувавме дека ова не држи, дека тоа ќе создава многу простор за манипулации и злоупотреба. А дека тоа е така, всушност потврдуваат сите оценки што ги дава и не е точно дека тоа било одобрено од ММФ и Светската банка, туку напротив критиките

доаѓаат и од претставници на ЕУ и од Светската банка дека тој на чин на продажба е недозволив. Затоа вие сега немате ни еден пример во рамките на членките на ЕУ кои на тој начин вршат продажба на државен капитал. Тоа е што се однесува до аргументите што беа изнесени сега, зачудувачки, во одбрана на измените, но со контра аргументи, бранејќи го ставот кој бил изнесен кога биле воведени вакви институции во продажбата и трансформацијата на капиталот.

Не е сега проблемот што ние еве ќе ја вратиме транспарентноста во продажбата на капиталот. Се поставува прашањето кој ќе ја сноси одговорноста за досегашната продажба во четири очи на одредени капацитети во РМ и за настанатите штети. Еве ќе го земеме примерот на ОКТА. Дали некој сега ќе има доблест да каже, да, ние направивме грешка дајте да се коригираме.

Понатаму, мислам дека намерно Владата односно предлагачот остава можност во членот 7 од Законот за трансформација или членот 4 од Законот за приватизација, да продолжи постапката , но без да прецизира што значи отпочната постапка, како што беше предочено од г-динот Бузлевски. Второ, без да направи спецификација и пред Парламентот да доаѓа со точен список кои се фирмите кај кои е отпочната постапката и што ќе се подразбира под отпочната постапка, за да знаеме кои се фирмите кај кои е отпочната постапката и што ќе се подразбира под отпочната постапка и да знаеме ние точно кои се тие фирми кои и понатаму ќе се продаваат односно ќе се трансформираат по одредбите од претходниот закон, а кои не можат да се продаваат. На тој начин тие ќе продолжат со Институтот јавен тендер односно со овој модел да продолжат да се продаваат. Или, ова ќе биде само фарса пред граѓаните, еве ние ја воочивме грешката, сега се поправаме, но натаму ќе биде се во ред, а всушност ќе продолжи постапката на ист начин да се води и за претпријатија кои ниту се отпочнати, туку само се мисли дека се водат некои разговори со стратешки , вакви или онакви партнери. Од тука минимум што треба да се направи е, или да се понуди, од страна на предлагачот, точно прецизирање на Институтот што значи отпочната постапка и да се приложи спецификација на фирми кај кои е отпочнат тој процес и точно да знаеме што гласаме и што условуваме и што ќе се спречи, а што ќе продолжи натаму. Или во најмала рака треба да се прифатат амандманите за бришење на членот 7 односно членот 4 од Законот за трансформација односно Законот за приватизација на државниот капитал.

Му благодарам на пратеникот Насер Зибери.

Има збор пратеникот Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Сакам да се произнесам како ќе гласам за овој закон.

Ќе го поддржам донесувањето на законот за укинување на непосредна спогодба, но до колку, истовремено, започнатите приватизации се одвиваат со јавен тендер, што значи треба да се укине членот 7 од овој закон и да се поведе постапка на одговорност за досегашните приватизации со Институтот непосредна спогодба.

Како што вели нашиот народ на мангуплуците, порано или подоцна крајот им доаѓа. Така и во случајот под притисок на меѓународните финансиски институции, ММФ и Светската банка, нашата Влада за да може да заклучи аранжмани со овие институции прифати да се откаже од непосредната спогодба односно народски речено договарање во четири очи и продажба на државните претпријатија.

Апсолутно е неприфатливо излагањето на еден од претходните дискутанти дека досега бил добар овој Институт. Зошто Владата го повлекува овој Институт ако бил добар. Значи се работи за притисок од страна на меѓународните финансиски институции.

Со воведувањето на новиот член 7 не сум убеден дека Владата во целост ќе го напушти Институтот "договарање во четири очи". На име со овој член се остава простор секое претпријатие што регистрирало во Агенцијата разговори за приватизација со непосредна спогодба, тоа може да го прави, а има ли претпријатие каде што државата е доминантен сопственик, а да не се почнати преговори за непосредна спогодба. Скоро да нема. Сите овие измени ќе бидат лакрдија, ако остане членот 7. Меѓународните финансиски институции Владата ќе ги убедува дека донела закон со кој се укинува непосредната спогодба, а од друга страна преку ново воведениот член 7 Владата ќе си тера по старо. Од тие причини ние и поднесовме амандман со кој членот 7 треба да се брише и очекуваме дека пратениците тоа ќе го разберат.

Второ што сакам да потенцирам е, навистина, ароганцијата на Владата и не прифаќањето на аргументи од страна на опозицијата.

Да се потсетиме на укажувањето на опозицијата дека непосредната спогодба за државни фирми е непримерна, не транспарентна, криминогена и сл. Тоа го изнесувавме за време на измените на овој Закон минатата година, ми се чини тоа беше кон крајот на април. Но, сите тие аргументи не беа земени предвид. После само еден месец се виде дека измените се правени по нарачка, само да се продаде ОКТА и неколку други фирми во четири очи. Има ли потреба да се убедуваме овде и дали ја убедуваме јавноста колку е добра и колку беше добра приватизацијата на ОКТА: Пред приватизацијата имавме најниски цени на бензините во Европа, а денес имаме највисоки цени. Цените се менуваат секои две недели односно во мај се менуваа ми се чини и секоја недела. Навистина Владата нема никакви аргументи за да го правда тој Институт, непосредна спогодба односно договарање во четири очи.

Потребно е Владата односно парламентарното мнозинство, аргументите на опозицијата да ги прифаќа, во интерес, би рекол, на граѓаните на државата. Поучени од овој случај и многу дури случаи, апелирам до парламентарното мнозинство аргументите да ги прифаќаат, да се отвори дијалог и тоа што е прифатливо или подобро решение, тоа да се прифати во Парламентот.

Да ја искористам приликата, да побарам и извештај за извршената приватизација во 1999 година. Мислам дека Владата е должна на Собранието еднаш годишно да му доставува извештај за извршената приватизација во изминатата година, а истовремено да достави и Предлог-програма односно да достави Програма за намената на средствата прибрани од приватизацијата. Би било добро овие точки да дојдат на седница на Парламентот, навистина ние да не се информираме само од весниците, од медиумите, туку навистина да имаме прави информации кои доаѓаат од страна на системот на државата.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:** (Продолжение)

Се надевам дека двата амандмани кои се поднесени од страна на опозицијата дека парламентарното мнозинство со внимание ќе ги разгледа и се надевам дека ќе бидат прифатени.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илија Филиповски.

Има збор госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, се согласувам со претставниците на опозицијата дека денес разгледуваме значаен законски проект, односно Предлог – измена, која е доста значајна, меѓутоа, не можам да се согласам со фактот дека, заради тоа што не бил законот таков каков што е денес предложен ние доцниме со аранжманот од Светската банка и ММФ. Точно е дека во Извештајот на Светската банка стои дека продажбата во Македонија можеше да биде потранспарентна и тоа е факт кој што не може да се оспори, како што е точен и податокот дека непосреднста Спогодба за продажба на општествениот капитал како метод не е измислена во Република Македонија, дека истата постои и дека 75% од целокупната приватизација на таканаречените земји во транзиција, односно на земјите на Источна и Јужна Европа се направени по овој принцип, од причина што овој принцип се покажа како принцип на кој приватизацијата во сите овие земји, а особено во Република Македонија се покажа дека доста доцни, е многу побрз и поефикасен начин како и на кој начин едно претпријатие кое досега било општествено или државно да добие свој титулар. Така што сигурно не држи аргументот дека поради тоа досега не е направен тој аранжман. Суштинската причина, колку што јас досега имав можност барем и од медиумите да дознам и од она што го имам како сознание од досегашната работа на Владата, токму лежи во загубарите. А се знае дека за да стане една фирма загубар, досега беа 26, тој број сега значително е намален, меѓутоа, листата е дополнета со многу нови, не може да постои 18 месеци за да стане истата загубар или нека биде произволно земено и две години. За да се стане загубар потребно е долгогодишно неработење на фирмата и недомаќинско работење на таа фирма. Ако оваа Влада тргне од еден чист концепт се што работи неликвидно и не добро веднаш да го даде во стечај и да го ликвидира, тогаш е многу лесно вие да склучите договор било со Светската банка или со ММФ. Меѓутоа, токму заради тоа што се тргнува од би рекла сентиментални причини, кои кај нас се уште се присутни, а на Запад во едно што би го нарекла труло капиталистичко

општество повеќе не важат? Тие принципи, се тргнува од повеќе страни да им се дозволи на работниците, да се задоволи социјалниот елемент и после повторно да може таа фирма ако не работи, барем да ги задоволува основните економски претпоставки да, како што би рекле нашите луѓе овде, преживува. Очигледно, тој принцип е доста неефикасен и тежок, меѓутоа, предизвикувањето на една социјална експлозија што би се овозможила по тој прв принцип на ликвидација или одење под стечај, Владата со сите сили настојува да го избегне, затоа приватизацијата доцни, а меѓу другото затоа доцни- и склучувањето на ФЕСАЛ аранжманот, односно аранжманот со Светската банка.

Она што овде беше предложено, исто така. не од принцип на бранење на концептот на непосредна спогодба, меѓутоа принципот на работа на берзата сигурно е најтранспарентен и најдобар кај нас, кај нас берзата за жал сите овие години не успеа да проработи со оној капацитет кој е нужен и потребен за да се продадат одредени претпријатија. А дека можат да се прават дубари на берзанската работа, мислам дека на колегите од СДСМ совршено им е јасно, само нека се потсетат на продажбата на "МАКСТИЛ" па ќе се види дека и една транспарентна, се разбира под знак на наводници продажба, може да биде исто толку нетранспарентна како што се осудува, но можеби и со право продажбата во четири очи и продажбата со стратешки инвеститор.

На крајот само ќе спменам добро е да се продаваат сите фирми на берза, она за кое апелираме навистина да заживее берзанското работење, а тоа може да биде само со анимирање на оние кои ги поседуваат акциите, со анимирање на нашите претпријатија во странство, со цел да се обезбеди навистина инвеститор кој ќе ги откупи исто така на таа берза, меѓутоа, сепак држам една резерва дека можеби во еден дел тоа нема да го забрза процесот на приватизацијата и без оглед на она што го ветуваме пред нашите соработници во Светската банка и ММФ дека со приватизацијата ќе завршиме брзо, сепак не сум голем оптимист во тој поглед.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

За дискусија се јави господинот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, процесот на приватизација е сложена работа и тој не е процес кој се одвивал само во земјите во транзиција, туку тој е многу стар процес кој што значајно е присутен и во високо развиените земји. Високо развиените земји до приватизација дошле низ приватизација на државниот капитал. Сигурно дека и тие имале проблеми во таа приватизација и затоа се направени модерни системи кои ги исклучуваат сите негативни појави во приватизацијата на одделни објекти во државна сопственост. Според тоа постои длабоко светско искуство и искуство кое го проверила практиката и се дојдени до методи и начини кои обезбедуваат највисока транспарентност, јавност и објективност, што е реализирано низ најразлични закони и прописи. Приватизацијата која се одвиваше така да речам онаа бурна приватизација во земјите во транзиција и денес е предмет на многу расправи во многу земји. Најбрзата приватизација се одвиваше во Германија, заправо во поранешната ДДР, каде што практично се располагаше со огромен капитал од Западна Германија, која пристапи кон една приватизација на општествен капитал во ДДР и таа приватизација и ден денес е предмет на многу расправи и шпекулации. Според тоа, не може да биде исклучена ниедна приватизација без да се влечат последици за тоа и без да се водат подоцна расправи за многу злоупотреби, недозволени дејствија итн. Затоа е потребно да се има такви закони и такви процеси да се одвиваат што тие сомневања и тие можности ќе се сведат на минимум. И во случај да има тендери, и да се оди на берза, и да се врши приватизација јавно, транспарентно итн., пак ќе има можност за разни шпекулации и можности за разни злоупотреби. Меѓутоа, тие се сведуваат на минимум. Затоа, од голема корист е и на позицијата која е на власт, партиите на власт, да изготват такви закони и така да се одвиваат процесите на приватизација, во кои се исклучуваат сите можности на злоупотреба, каде што ќе дојдат до израз разни сомневања и разни влијанија кои влечат зад себе негативни последици.

Според тоа, јас предлагам ние да го прифатиме и законот и амандманите кои се предложени во тој

правец што многу повеќе треба да има транспарентност, јавност итн. Можеби во законот недостасува еден член кој предвидува после извршената приватизација, целокупните договори, целокупните решенија околу приватизацијата да бидат јавно објавени, секој да може да види под кои услови е извршена приватизацијата и кој се учествувал во таа приватизација. Според тоа, немаме ништо од тоа што едни други ќе критикуваме заради тоа што досега не се прифатени овие или оние предлози. Меѓутоа, сите треба да извлечеме заклучок да не доаѓаме ние под притисок на меѓународни институции, тие да не присилуваат во нашите закони и прописи да предвидиме такви мерки кои ги спречуваат злоупотребите, кои ја спречуваат криминализацијата на приватизацијата. Тие укажувања треба да ги прифатиме во сопствен интерес заради градење на меѓусебна доверба и заради градење на едно стабилно општество.

Според тоа, јас исто така ќе го поддржам овој закон, но во исто време со едно разбирање да се прифатат оние амандмани кои ги исклучуваат можностите на разни злоупотреби.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Љубисав Иванов - Ѕинго за учество во дискусијата.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, иако немав намера да се јавам за збор по оваа суштинска, чувствителна, а пред се би рекол стратешка точка, кога на дневен ред се расправа за капиталот на Република Македонија, без разлика дали општествен, државен или приватен, а посебно кога расправаме за законот за приватизација. Морам да кажам дека за дискусија ме поттикна мојот колега Трајко и мојата колешка пратеничка Ѓулистана Марковска за некои изречени работи, кога станува збор за приватизацијата, а пред се за некои состојби или не сме доволно информирани и осознаени или сакаме да биде така, односно водата да ја тераме на својата воденица. Не е тоа толку страшно што го поттикнавте, би сакал со некои аргументи да потврдам.

Веднаш на почетокот да кажам, кога расправаме за Предлог - законот, како пратеници сме биле, а пред се ставот на партијата на која припаѓам, односно на СДСМ, дека) секогаш приватизацијата треба да биде нетранспарентна. Ако постои бинго, постои супер бинго, ако постои приватизација и ако треба да биде транспарентна, треба да биде супер транспарентна. Зошто велам да биде супер, супер транспарентна? Треба да се замислиме, ние сме овде во просек генерација со 40-45 години и кога расправаме за трансформација на капиталот во Република Македонија, тој не го создавал ниту премиерот пред три мандати, ниту пред два мандати, ниту сега, ниту сме го создавале ние. Тој капитал се создава повеќе од 50 години во Република Македонија и тоа е многу чувствително прашање кога расправаме за тоа, без оглед дали едногласно, дали позицијата, опозицијата, ВМРО или СДСМ ќе биде. Ние треба да се прашаме кој капитал кој го создаваше повеќе децении наназад, повеќе генерации наназад, и кога бил еднопартиски систем, па и сега кога е повеќепартиски систем. Замислете, кога ќе дојдеме овде да ги донесуваме законите, некој што отишол со 40 години во пензија или некој има и повеќе од 40 години, работел дедо му татко му и сега преку ноќ капиталот се трансформира, приватизира, каде што нема ниедна акција. Тоа е болно суштинско прашање, а тие го оплодувале капиталот, го создавале и го чувале тие генерации. Затоа, треба да се запрашаме овде преку ноќ на пример, една рафинерија, односно ОКТА ја создаваат граѓаните на Република Македонија, народот, без разлика на партиската и националната припадност, но преку ноќ ОКТА не е на Република Македонија, на граѓаните на Република Македонија. Дали за 8, 10, 15 или 20 милиони се запрашуваме дека треба таков приод и однос да имаме. Голема неправда беше направена во 1946 година кога се извршила национализација на имотот стекнат со генерации. Јас со тоа се согласувам, но национализација од страна на државата, а државата ја сочинуваат граѓаните, значи тој капитал не отишол надвор од Република Македонија. Пак тие граѓани дали биле повеќе или помалку сопственици, капиталот останал во државата и се направила голема неправда. Овде слушавме реторика, филозофски мисли во однос на национализацијата. И овој народ, и оваа држава на некој начин директно или индиректно, иако тоа е многу малку, неправдата после 50 години ја истерува. Кој ќе ја истера правдата што поединци, односно Владата - господине министер, ве почитувам како квалитетен

министер, имате трпение кон еден пратеник од опозицијата од СДСМ, еден стопанственик да го ислушате, не мора да биде во право (му се обраќа на министерот за финансии Никола Груевски) - се прашуваме сега, она што сакаме непосредно да се продаваат компаниите кои повеќе децении се градени и создавани во Република Македонија дали може некогаш неправдата да ја истераме, без разлика која партија на власт ќе биде. Господа, тоа не може. Затоа треба приватизацијата - не сум против приватизацијата, тој процес треба да оди, треба да биде јавна, она што велиме транспарентна, на тендер, она што го прави Европа и Светот не заради нас, туку заради повисока цена да се добие, затоа што цената за секоја грешка што е направена како поединци, оваа држава, овој народ скапо ќе ја плати.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (Продолжение)

Значи, немаме респект спрема работниците кои ги граделе фабриките и со една полна тежина да имаме затоа што тоа е суштинското прашање, да му го земеш имотот, да му го земеш капиталот, да му ја земеш егзистенцијата, тоа е најлошото.

Понатаму, ако 1946 година се направила грешка со национализацијата, се согласувам, се направила неправда, сега се прави супер, супер грешка неправда што преку ноќ во четири очи се продава односно распродаваат компаниите, претпријатијата кои се граделе повеќе децении. Затоа уште сега да ја знаете мојата лична заложба, а тоа е заложба и на партијата на која и припаѓам СДСМ и оние во четири очи со спогодба треба да се вратат на тендер, без разлика сопственикот од каде е дали е од соседна земја, тоа е економско правило, економски кодекс, законитости кои треба секој поединец да се однесува.

Ако се така продадеме господа колеги пратеници знаете што ќе ни остане на крајот, ќе ни остане во сопственост на државата полицијата и во сите немири да го тепа сопствениот народ. Затоа треба да се запрашаме што правиме со нашите потези и чекори. Ако тоа ни е крајната цел нам како пратеници не ни е местото да седиме во овие клупи, ниту да ги убедуваме која партија, кој поединец е подобар да ја води оваа држава.

Сега ќе ви кажам еден типичен, класичен школски пример на партијата која е на власт пред се на ВМРО-ДПМНЕ како не треба да се работи. Колешката пратеник Ѓулистана веројатно во некоја сфера на работење, пред се мислам на медицината, таа и е професијата сигурно многу подалеку отишла, рече една реченица. Многу години треба да се работи со загуба или лошо, па сега да бидат загубари. Јас имам еден типичен пример во една компанија единствен рудник на бакар и злато во географскиот поим Македонија до Благоевград, до Солун, до Ниш, географски нема рудник на бакар и злато, преку ноќ за неполни единаесет месеци како можеше да стане загубар. Но, ако мислите дека партијата на власт дошла и ја носи одговорноста, јас со тоа не се согласувам. Дојдоа поединци кои ниту беа партијци. ни ваши сопартијци ниту вашите декларации, заклучоци сакаат да ги спроведуваат, туку напротив тоа се поединци кои го упропастија државниот капитал. Сега се прашувам дали партискиот интерес пред државниот. Ако е партискиот и така и така ниту е г. кои сте на власт ВМРО-ДПМНЕ ниту е партискиот интерес, интерес е на поединци кои беа последните секретари на СКМ, сега преку ноќ патриоти. Ниту беа со вас поединци што ве гледам заедно. Се прашувам како може државниот капитал преку ноќ како топка од снег или чоколадо на сонце од 35° С да се стопи. Се прашувам каде е одговорноста сега на нас како пратеници овде, како граѓани и како партија на власт? Тоа не се партијци, тоа не е партија, кога ќе бидат ставовите, заклучоците на партијата на власт во ред ќе се критикувам како СДСМ, како ВМРО-ДПМНЕ. Не, јас сега како пратеник, како граѓанин на Радовиш, како вработен во рудникот Бучин како може за неполни единаесет месеци да се стопи како топка снег. Сега ќе ви кажам зошто. Затоа што мислат дека ако се партиски луѓе, ако се партиски послушници, секогаш ќе бидат заштитени.

Затоа г. пратеници вие што сте во позиција да гласате и да дадете придонес, без она што реков кој го создал капиталот, реков повеќе децении граѓани работници кои ги дале животите, кој сега го чува и оплодува капиталот? Направете листа, сега сте партија на власт. И нас стопанствениците кои сме се бореле крваво за тој капитал една две децении и повеќе кој го оплодил, кој го чувал капиталот, направете една градација на бизнисмените, на менаџерите, ако секој мисли дека е менаџер, бизнисмен. Направете градација, па да видите дали некој еве преку конкретен пример рудникот Бучим дали е сочуван, не, се стопи капиталот. Веројатно и во партијата на СДСМ имало и има, па затоа ја изгубија власта. Бидете на власт, но сочувајте го, оплодете го капиталот, тоа е

заложба и на позицијата и на нас како добронамерни граѓани од опозицијата без разлика дали е СДСМ итн. Дали за година дена една одлука од надзорниот одбор, Собранието се почитува од поединец, бил координатор на ВМРО. Па и Бранко Црвенковски беше премие со целиот респект си отиде. Зарем до тој степен 15 дена Собранието како орган има донесено одлука за смена, 15 дена фамилиите се во агонија. Зарем е тоа партиска работа. Нека биде партиска, но партијата на власт да биде предмет на расправа. Сега кога ќе слушнам, се согласувам со дел од дискусијата на Горанчо кој ги создавал загубите? Ако има такви кажете, но има и примери кои меѓу вас поединци го рушат угледот на партијата на власт. Кои се оние менаџери, дајте еднаш отскокнете не мора да бидете партиски послушници, во својот живот да имаат реноме, референца, но каква референца. Ние не да лепиме плакати и да викаме уаааа на Љупчо, на Бранко, на Трајко, туку да создал нешто, а ние сега имаме дел кои се ставени со државниот капитал и општествен да располагаат поединечно. Ние зборуваме дека партијата на власт ВМРО-ДПМНЕ имала партиска фирма Илинденка или не знам како се вика, дали е за критика или не, па зарем има поголема трагедија на поединец да дадеш да располага со 10-20-50 милиони марки. Поединец, ниту е партија, но бил партиски послушник. Такви не би требало да бидат мои сопартијци ниту СДСМ, ниту сега вие како партија на власт кои имате историска одговорност оваа Република Македонија да оди со побрз чекор.

(Реакција од место, дека тоа не е на дневен ред).

Извинете, на дневен ред е, кога зборуваме за приватизацијата, тоа е суштинско прашање. Замислете г. дали има некаде државниот капитал да се оплодува, да се очува без знаење на министерот за финансии, без умешност, без високо менаџерство, без стручност, без научност, без мобилизација. Тоа се прави во поедини фирми отпор на интелектуалниот ум само да биде подалеку од сознанијата на сметка на капиталот на Република Македонија дали е државен, општествен. Затоа фирмите со државниот капитал сега се по приватни отколку приватните фирми кои секој ги поседува дали мала, средна или голема фирма. Затоа што е тоа државата дај да ја задолжиме, нема да праќаме струја, нема тоа, нема придонеси, ќе се отпишат, како што беше во досегашната пракса. Морам да бидам малку и самокритичен за одредени фирми како до сега што се правеше. Но, дали е тоа во интерес на економијата што често пати г. Георгиевски со право и респект го споменува македонската економија. Тоа не е македонска економија. Менаџерството, стручноста, научноста, знаењето, умешноста немаат партиска боја. Ако имаме таков приод тоа е суштинското прашање за мене во приватизацијата со капиталот на Република Македонија. Ако имаме стручњаци, научници да го водиме македонското и европското рударство, македонската и европската економија за некој ваш послушник или наш послушник еднострано да ја уништуваме економијата. Затоа апелирам, јас сум за транспарентна супер, супер приватизација и на крајот уште еднаш ќе повторам ако продолжиме со таков начин ќе ни остане само полицијата, без да ја обвинувам полицијата, да го тепа сопствениот народ во немири. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Реплика има г. пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседател, слушајте г. Чифлиганец, никогаш до сега не сум му се обратила вака со име, меѓутоа, бидејќи вие неколку пати по ред упорно алудирате на моето медицинско искуство во својство на голем демократ ве поканувам да направите закон за избор на пртеници во кој ќе им забраните на лекарите да учествуваат во работата на ова Собрание, а да учествуваат менаџери со ваше искуство, но и подолготрајно политичко искуство, бидејќи совршено ви е познато колку време сум присутна во политичкиот живот за да можете моите дискусии така да ги квалификувате како досега што ги квалификувавте.

Што се однесува до вашите корисни сугестии од типот какви кадри поставува сега ВМРО на власт, дали се добри или лоши менаџери, од вашите добронамерни критики за тоа дека се работи за менаџерството дека нема апсолутно никаква партиска боја очигледно дека ВМРО во однос на критериумите за избор на менаџери, директори, претседатели на управни одбори можеби некаде погрешила, човечки е да се погреши, па покажува доблест да ги смени. Меѓутоа, во однос на тоа како тие луѓе можат да работат или како што вие рековте треба да се знае како да се оплоди капиталот, а не да се краде така јавно, очигледно ќе треба добар дел од тие да

дојдат на курс кај вас, па да покажат како може да се оплоди капиталот, како добар дел од тој капитал мооже да се пренесе на сопствена сметка во приватни банки, па така сите да си живееме задоволни и среќни односно да биде и волкот сит и овците на број, а државата скратена за многу пари. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

Господинот Чифлиганец реплика.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас мислам дека сугестијата ако треба да молчиме како пратеници, а после како позиција, како луѓе кои сме произлегле од народот во сите сфери на работење, а посебно живеење, јас ниту реков за крадење, јас реков дека се распродава од незнаење и умешност. Има институции, органи кои тоа ќе го потврдат. Ако тоа вие го мислете за мене сега сте на власт, а јас не знам дали може да ме најде сабајле дома можете да наредите, Ѓулистана тоа се твоите методи, те знаеме кога беше активен младинец во Сојузот на комунистите на Македонија, ти си со огромно сувопарно политичко искуство. Колку народот од твоето политичко искуство видело корист, ниту сакам да оценувам, ниту да се оптоварувам со тоа оти има толку стратешки, животни прашања што треба некој граѓанин или пратеник да го расправа. Вие си замислете за тоа, а Ванчо Чифлиганец и секој од вас кој значи нешто во Република Македонија секогаш е будно следен од окото на институциите. Ако некој го сочувал, го оплодил капиталот точно е вработените, граѓаните од срединитe од кои произлегувам зборуваат бројки, па да не ја злоупотребувам говорницата, ако Ванчо Чифлиганец на 11 јуни двајца еден со друг го пострелаат и целиот интелектуален кадар на единствениот рудник на бакар и злато, кога јас станав да ја злоупотребам говорницата? Но, кога гледам сега истите луѓе од над пет милиони долари позитивна разлика направиле милиони или 3,5 милиони долари денеска, па споредете го тоа, делата зборуваат, само делата се вистина. Тоа беше мојот слоган во изборната кампања во име на партијата на која и припаѓам СДСМ. Само тоа остава трага, за што ќе се залагаме ние како пратеници, во што ќе успееме Владата на Република Македонија претходната, сегашната и идната. Јас зборувам со аргументи ниту сакав да ве девалвирам оти вие треба само за медицината да зборувате, тоа не, туку сакав да кажам, барем јас така се чувствувам, сум покомпетентен од вас за таа проблематика затоа што имам стручно, научно, животно и менаџерско искуство. За чесноста, коректноста овде не сакам за никој да зборувам, си има институции, мислам дека мојата дискусија треба да ве охрабри како партија на власт не она што било барем од денеска, ако јас тоа го зборувам овде ќе одите во средината ќе го кажете на уште илјада, илјада луѓе. Во тоа е мојата дискусија и добро е што укажуваме благовремено, воочуваме, копираме. Во таа смисла сакав една сугестија да дадам. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Ванчо Чифлиганец.

Збор има г. пратеник Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, почитуван министер за финансии.

Мислам дека денеска малку се прошири дискусијата, по мое мислење, за овие два закони, се отворија некои прашања кои требало многу порано да се дискутираат, тоа е концептот односно моделот на приватизацијата на Република Македонија.

Мислам дека сите укажувања се добронамерни со една единствена цел законот да биде подобар. Лично мислам, а така мислиме и во пратеничката група ПДП дека овие закони се добри и дека ќе ги поддржиме доколку бидат прифатени амандманите поднесени од наша страна односно од страна на некои комисии. Цениме дека подобри решенија ќе се вградат во самиот закон и да не дојдеме во позиција повторно по година и два-три месеци Владата да предложи решенија кои ние денеска ги предлагаме. Впрочем овие решенија при внесување на овие решенија во овие закони уште минатата година во април месец во нашите дискусии укажавме дека не е добро да има вакви решенија односно да се прифати непосредната спогодба и стратешкиот инвеститор, но тогаш Владата со свои аргументации инсистираше и позицијата во мнозинство ги гласаше тие закони. Сега по укажување на светските институции и другите релевантни фактори, а верувам и самите ја уочиле грешката како Влада и денеска ни предлагаат решенија кои ние ги предложивме пред една година да бидат такви. Затоа мислам дека не е добро многу да се расправаме за концептот и моделот, бидејќи имавме прилика пред неколку

години да расправаме и тој концепт е веќе прифатен во Македонија, сега можеме само да плачеме дали беше поисправен другиот концепт што го предлагаа тогаш некои политички партии, но не беше прифатен концептот на ваучери, сигурно тогаш сите граѓани, она што беше изнесено, ќе учествуваа во приватизација и сигурно дека и тие би добиле нешто од капиталот кој е изграден во Републиката во изминатите пет децении.

Добро е да се скрати дискусијата, да одиме кон прифаќање на овие закони, но би инсистирал и молел да се прифатат амандманите, бидејќи немаме никаква информација кои се тие претпријатија каде е отпочнат процесот на приватизација, односно каде е отпочнат процесот на продажба на тие фирми и Владата во секој момент, бидејќи е транспарентна и ден денеска тоа го гледаме, немаме ниту извештај од Агенцијата за приватизација ниту од Владата кои фирми се во таа фаза за да знаеме за каков број се работи. Мислам, доколку се прифатат амандманите да отпадне членот 7 од Законот за приватизација на претпријатијата со општествен капитал, мислам дека ќе направиме добро решение во законот и веројатно во наредниот период нема да имаме вакви проблеми кои ги имавме до сега. Впрочем, можеме да плачеме, но фирмите ги продадовме, отидоа и ОКТА и други, сега одиме на некоја корекција.

Јас не би сакал да навлегувам со мојата дискусија која е целта на Владата, прифаќам дека е целта укажувањето и притисокот од меѓународните институции, но во нашата потсвест стои тоа дека може би со некои фирми се заврши работата и сега треба да се вратиме на правите колосеци во областа на приватизацијата.

Од тој аспект јас не би сакал да должам, ќе ги поддржиме законите и апелирам до пратениците и Владата да ги прифати амандманите, бидејќи тогаш законот навистина ќе биде по компатибилен и подобар за сите фирми и за сите нас во оваа држава. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илјаз Сабриу.

Има збор г. пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседател, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Денеска на дневен ред расправаме за Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, со Предлог на закон.

Имавме прва Влада, втора Влада, трет мандат. Значи владееше и старата власт и новата власт. Најправилно предлагам во Република Македонија со овој закон ќе го поддржам и ќе гласам, но имам еден предлог, сите пратеници овде се смееме, се изигруваме, правиме театарски сцени во Собранието. Редно е еднаш да расправаме за граѓаните на Република Македонија.

Зошто да расправаме? Да расправаме затоа што постои, ова е трет мандат од основањето на Република Македонија, постои Парламент во Република Македонија, министри. Со ова сакам да ви кажам. Имаме потреба од трансформација, одиме кон приватизација, одиме кон се. Ја обвинувам првата Влада, обвинувам се живо и диво, се вклучувам директно со народ, со граѓаните. Смејте се, смејте се, смејте се, ќе ви се смее цел народ на сите. Ќе ви се смее целиот народ, да знаете. За се ви се смее целиот народ. Немојте да мислите дека ова е шала. Многу народ е останат по улици. Тоа никој не го размислувате вие пратениците овде. Сите си имате пари, плата, си ги полните џебовите овде. Сите си ги полните џебовите со пари.

(Реагирање на пратениците од место).

Ве молам, обезбедете ми тишина во салата.

Ќе ве молам господине претседателе, потпретседател, сакам тишина и мир и отстранете ги пратениците од салата кои вознемируваат. Јас никого не вознемирувам. Јас ги респектирам сите пратеници, но апсолутно ве обвинувам, а кои сака нека повели на говорница, обвинете го овде.

Сакам да ви кажам едно. Некој ја напаѓа оваа Влада, некој онаа Влада, некој некоја друга. Сите се криви. Почнувајќи од мене, па до крај до сите вас. Зошто? Затоа што овде доаѓаме да спиеме и да работиме. Сите. Правиме приватизација, правиме тоа. Ако сакаме да предложиме нешто на министрите и на Владата овде, треба да бидеме сериозни и коректни. Треба да знаеме што работиме и каков закон носиме, а не два прста кревај и гласај, или некој ќе се улизува, јас сум бил директор порано. Си бил директор кога си бил на власт и си знаел да раководиш тогаш. Сега некој друг пропаднал, пропаднал. Сите ве обвинувам. Зошто? Ве обвинувам, ја обвинувам и

претходната власт и се пред тоа. Сега дојде товарот 3,5 тони на еден кој може да носи 500 кгр. и нормално за 8-9 до 10 години се собрало големо и не може никој 3,5 тони да носи ако му е носивоста 500 килограми. Пропаѓа, гумите пропаѓаат. Така пука и целата работа околу трансформацијата и приватизацијата и без работа граѓани и се друго.

Со ова сакам да ви кажам, дајте да размислиме за граѓаните на Република Македонија. Има голем товар кој се носи 9-10 години, скоро. Не размислуваме апсолутно за граѓаните на Република Македонија. Кој и да дојде на власт, дали јас, дали трет, дали четврт, дали петти, на секој му останува товарот од тој порано што бил. Затоа не треба да се обвинуваме. Сега треба да решиме нешто друго да биде, нешто поубаво да биде за да проработи општеството. Да видиме како, дали приватизација, дали нешто друго, да го вратиме народот на работа, да проработиме. Ние не ќе можеме во Република Македонија да опстанеме само со мала работа, ако сме преку 2 милиони граѓани во Република Македонија. Со 150 илјади, 200 илјади вработени не можеме да опстанеме. Значи, треба да бараме излез за ова и за се. Ние сме пратеници, предлагајте. Имаме тука министри, имаме министерства, имаме Влада, имаме се. Јас никогаш околу стопанството не сум разговарал, сега разговарам затоа што го имаме на дневен ред., никој не го напаѓа тоа, но јас пред се себе си се напаѓам. Со ова треба најозбилно да ја сфатиме работата. Зошто? Немој да правиме сега политички маркетинг дали оваа партија, дали онаа партија. За избори сите се улишуваме, кога доаѓаат изборите на граѓаните. Сега дајте да видиме која фабрика и во кој град нека каже секој пратеник што во Република Македонија, од која изборна единица е, нека излезе овде на говорница, нека каже таа и таа фирма, толку имала вработени, не работи, заклучена е, да најдеме средства, да видиме како Владата ќе профункционира. Да видиме како Министерството за финансии, како Министерството за трговија, Министерството за стопанство, преку другите работи. Значи, целиот систем е затворен. Тоа треба да го дискутираме овде, господа пратеници, а не ние да се напаѓаме еден со друг, да гледаме партиски интереси. Уште 2-3 месеци почнуваат локални избори и сега ќе гледаме ова или она.

Сакам да бидам конкретен и директен. Дајте да се ангажираме сите пратеници, ние сме избрани од граѓаните и секој има своја изборна единица, па дајте да видиме таа изборна единица, тој што е избран од тие граѓани да видиме колку имало порано вработени, колку има сега вработени, па да дадеме некои предлози на министрите, на Владата, да се најдат средства во Република Македонија како да приватизираме, што да приватизираме, како да се вработи и сл. Вака не правиме ништо, ако се јадеме. Понатаму ќе дојдат други со локалните избори, па понатаму ќе дојдат парламентарните избори, па претседателски и колапс цела држава. Да не го гледаме политичкиот маркетинг. Да гледаме како да излеземе да им помогнеме на граѓаните, прво ние што сме избрани од народот од секоја изборна единица. 120 пратеника, 120 изборни единици, тоа е излезот во Република Македонија. Да дадеме некои прелози, па да се оформи некоја комисија во Собранието. Да дадеме предлог до министерот за финансии, до министерот за трговија, до министерот за стопанство и сл. Со тоа сакам да ве разбудам пратениците да не спиеме, да не се расправаме за некои обезвредни работи овде во парламентот без разлика е опозиција или не. Да седнеме и да го решаваме на граѓаните на Република Македонија проблемот за кој треба да предложиме решение на Влада. Да предложиме ова и она од секоја изборна единица. Секој нека си даде отчет овде, па ако не е добро, да го поправиме. Единствено така на граѓаните ќе им помогнеме. На друг начин не можеме.

Повелете, кој сака да ме демантира, нека ме демантира, а јас ќе го поддржам ова и мислам дека треба да се прифати ова и сите ние да се ангажираме околу оваа работа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Амди Бајрам за дадените сугестии.

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседател, дами и господа пратеници, вака е многу тешко после добар оратор, инспиративно што говори, но, добро.

Она што како Либерална партија ние во минатиот состав се залагавме и кое беше на голема осуда и критика од СДСМ, па и од голем број новинари кои беа тогаш во функција беше концептот. Ние тогаш мислевме да концептот со приватизацијата е погрешна работа и ние нудевме во приватизацијата да се оди со ваучери.

Тогаш се нудеше да се оди со концепт на ваучери, да се задоволат сите категории на граѓани, почнувајќи од администрацијата, почнувајќи од докторите, медицинските сестри, полицајците, секој граѓанин кој работел во работниот век да има право ваучерот да го искористи. Ние нудевме еден концепт, но тогаш СДСМ овој концепт го начека на нож и како таков го отфрли. Сега нема место за нервоза и подигање хормони тука. Тој концепт беше измислен од СДСМ, таканаречена приватизација во готово, а што беше идејата? Да се обезвреднат фирмите. Да се обезвреднат фирмите за да можат да се купат. Знаеме како се купуваа. Измислени сметки, на Шведсвалдски острови, на Хварски острови, на Лихтенштајн, но не веруваа дека толку брзо ќе оди и ќе загубат власта. Кога ги носеа законите СДСМ мислеа дека ќе владеат 100 години. Се излажаа, народот се свести. Сфатија дека сите закони кои ги нудеше СДСМ беа таква централизација и концентрација на власт за да можат да го ограбат народот. Тоа не им успеа. Дојдоа на ред изборите и тука ги исече. Сега толку жалопојки за ова што е направено и кои се криви.

Ние и тогаш укажувавме како ЛП дека ова нема да оди на добро и дека еден ден мора да се направи сублимат. Тогаш се нудеше програма ќе се направи, толку и толку пари ќе се соберат, но еве не слушнавме, тука е и претседателот на Партијата, да каже за тие години, бидејќи концептот е нивни, тие на него се повикуваат, Бранков закон, Бранков концепт, еве Бранкова е приватизацијата, колку пари се собраа, како ги искористија парите? Колку пари се ставија на конто? Дајте тоа да го продискутираме. Чест и почитување, има тука и чесни стопанственици, нека кажат со приватизацијата што се направи. Идејата беше тотално до една фирма да се направи ерозија. Тотално да се уништи. Зошто? Така беше поставена структурата да ни една фирма не требаше да плати во готово. Ни една фирма не е платена во готово. Која приватизација? Фиктивна приватизација. Кои пари се собрани? Кои се тие ефекти да се пофалиме. Ајде сега нека испаднат, тука има и експерти од СДСМ, нека кажат тие и тие фирми се направени, тоа и тоа е направено. 80 до 82% се приватизирани фирмите за времето на СДСМ. И нема лутење. Сега, со кое право ги праќаме граѓаните во пензија. Ги праќаме од администрација. Еве, овие госпоѓи, што седат тука, кои треба сега да одат од Собранието, ќе одат со 4-5 илјади денари пензии. Зошто тие да немаат право на акции. И тие стопанисуваат. Зошто да немаат право медицинските сестри, зошто да немаат право полицајците? Зошто да немаат професорите, учителите - сите кои живеат во ова граѓанско општество. Тогаш ние како ЛП нудевме концепт на ваучери, се смееја. Не помина тогаш, не прогласија за опортунисти на државата, господинот Андов со критики, тогаш стана нивниот експерт г. Јане Миљовски, држеше предавање, беседи, тогаш не убедуваше - знаете ли што - од Светска банка и од ММФ вака ни викаат. Така е, новинарите тоа веднаш го пишуваа. Вака и вака кажаа од Светска банка и ММФ - најдобро е приватизацијата дум - дум. Така викаше Јане Миљовски. Дум - дум да се упере се. Од дум - дум - нула. Ништо не направивме од дум - дум приватизацијата.

Ако требаше нешто да се прави, секоја година Агенцијата требаше да излезе со Програма. Програмата која ќе ја носеше Агенцијата за приватизација да ја разгледуваше овој Парламент и да дадеше оценка. Она што се залагаа за транспарентност, која транспарентност? Не видовме ни програма, не видовме ни претставник од Агенцијата. Сите фирми се уништени буквално. Сега тргна ова, мини стрелата е пуштена, нема враќање. Ова што го предлага сега Владата, иако се направени грешки со непосредната спогодба, мислам дека ова може да се исправи, иако има направено грешки. И сега има направено грешки, но ова сега може да се направи, но грешката што ја направи СДСМ кажете ми како нејзе ќе ја исправиме. Кажете ја формулата како ќе ги исправиме тие 8 години. Криво дрво да го исправиме. Не бива така. Тоа е завршена постапка.

Ние како ЛП го поддржуваме овој закон и ќе гласаме за него.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот пратеник Слободан Даневски. Има збор господинот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Почитуван господине потпретседател, господине министер, дами и господа, колеги и колешки.

Законот што сега го имаме на маса и го разгледуваме секако заслужува внимание. Најнормално е тие предложени измени да бидат вградени. Нормално е дека ни навираат и сеќавања за тоа како сме врвеле, не само во периодот на овој мандат, туку и пред тоа, по мое, не е нормално толку да се палат страстите. Нашето

општество е во голема криза. Една од малите корекции е токму сега. Дали е задоцнета , дали можело воопшто да не дојде до ваква потреба, тоа за мене е второстепено и не би сакал во тоа да навлегувам.

Факт е дека транспарентноста, или прозрачноста на постапките на извршната власт ќе биде издигната на повисоко ниво, повисоко рамниште на тој начин и нашите граѓани ќе бидат упатени во тоа што се случува. Кога веќе мнозина колеги си допуштија дискусии од поразличен тип, отколку ова што е сега предмет на расправа, јас само би спомнал дека вистинскиот лек не е во тоа дали ќе се приватизира нешто или дали ќе остане државно, па евентуално и повторно да се подржави или да се национализира. Вистинскиот лек е во тоа да владеат вредности, да завладеа правото и сосема конкретни судови. Ние имаме пракса која едноставно негира тоа што е позитивно, тоа што вреди. Зошто е тоа така, на крајот и судовите знаат. За мене секаков договор склучен, па и нека е помеѓу Агенција која е при Владата, или меѓу две странки, секаков договор заверен во суд за мене е нелегитимен доколку е на еднострана штета.

Тоа е дикцијата на владеење на правото. Тоа е така во сите пазарни економии. Нужно е да биде и кај нас така гледано. Никој не дигаше тогаш глас или барем доволно и од тие што беа мнозинство дека станови неупатено е да можат да се купат во распон од неколку илјади марки до 15.000, кога пазарната вредност е сосема поголема. Но, тогаш тоа беше ете прикладено, на некој начин да изигруваме дека сме општество во транзиција. Не е проблемот во тоа какво општество сме ние? Проблемот е кој вредности општеството ги поддржува, а исто така на тој начин се поддржува себеси. Фрапантна е изјавата вчерашна од министерот за образование, општеството немало потенцијал економски да обезбеди школување, па ниту на ниво на средно образование. Каде оди нашата економија? Тоа не е точка сега за разгледување, но, ние сме должни да мислиме околу тоа и како се успеа да се процени капиталот на стотинка од вредноста, или со стотинка од вредноста да се откупуваат фирми. Дефекти има еден куп и од тука јас би прекинал, понатаму ќе дадам поддршка на законот. Мислам дека е сосема на место. Ова да биде на овој начин доведено во нормативното уредување и добро е што конечно можеме да можеме овој закон го изгласаме, бидејќи минатиот пат не можеше. Мислам дека дефинитивно ќе преминеме на гласање. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Бошков Јордан.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Јонуз Абдулаи.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Господине потпретседател, господине министер, дами и господа пратеници.

Учествувајќи во расправата по овие два предлога на измена на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и другиот Закон за државниот капитал, на Комисијата за економска политика и развој, ги дадовме нашите забелешки и се согласивме и овде ги поддржуваме овие промени, со една единствена цел да процесот на приватизација заврши еднаш и овој процес кој овде од многумина колеги пратеници беше елабориран со тие слабости што беа изречени, но во праксата секој од нас можеме на некој начин да ги согледуваме.

Наш допринос ќе биде со овие измени на овој Предлог на закон за измена и дополнување на допринесеме да оние претпријатија кои бараат излез од оваа мошне тешка ситуација, да им се помогне и да се најде стратешки партнер кој е подготвен да им помогне и на тие вработени, но и на Републиката во целост, бидејќи состојбата е мошне сложена. Јас би ги спомнал, бидејќи овде беа спомнати по градови и регионални, беа опфатени состојбата на загубарите во Гостивар, како што се „Силика" и „Готекс" каде што имаме штрајкувања, негодувања. Со овие измени на Законот за приватизација ќе им се овозможи и на овие претпријатија да се најде стратешки партнер кој ќе вложи капитал, воедно и ќе биде излезно решение за овие претпријатија, но и за други кои го чекаат тој процес на приватизација.

На крајот, во името на пратеничката група на ДПА, овие предлози, овој Предлог на закон за приватизација ќе го прифатиме и ќе гласаме за овој предлог.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Јонуз Абдулаи.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници. 75 пратеници гласаа за. Еден пратеник гласаше против. Воздржани нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 79 пратеници. 78 пратеници гласаа за. Против нема. Еден пратеник се воздржа од гласање.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Пардон, тоа е грешка.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, тоа е грешка.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2, став, член 4 и за додаваше нов член 7-а по членот 7, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман за додавање нов член 6 - а по членот 6 и за додавање нов член 6-б, по членот 6 - а, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандмани на член 1, и за додавање на нов член 1-а, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Димитар Бузлевски, поднесе амандман, за бришење на член 7, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Александар Гештаковски, Илија Филиповски и Илија Иљоски, поднесоа амандмани на член 7, и за додавање на нов член 7-а, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Никола Груевски, Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Да, се прифаќа амандманот.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

И овој амандман се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 2, став 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Се прифаќа и овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од ЗПК .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Се прифаќа и овој амандман.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6 - а по членот 6 поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Се прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6-б по членот 6 - а поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Се прифаќа и овој амандман.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7 поднесен од пратеникот Димитар Бузлевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг има збор?

Збор има г-динот пратеник Бузлевски Димитар.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Искрено да кажам дека не очекував ни дека ќе се прифати амандманот, но сугерирам кон пратениците, Заради целта која што е образложена во Законот, која што треба да се постигне со донесување на законот, сугерирам да се прифати амандманот, бидејќи амандманот предвидува бришење на член 7, кој што во својата содржина регулира продолжување на процес на приватизација на претпријатијата без конкретно да се каже колку приватизации ќе следат во овој член, кои приватизации се отпочнати, а кои приватизации се незавршени. Заради проблемите што Владата ќе ги има околу оваа законска регулатива во преговорите со Светска банка и ММФ, сугерирам пратениците да го прифатат амандманот, затоа што овој амандман значи прилагодување на законот со правилникот за фискална транспарентност на ММФ. Заради тоа, мислам дека треба да се прифати амандманот, а со прифаќање на амандманот, комплетно ќе се покаже пред Светската банка дека, ако не Владата, тогаш парламентот е спремен да ги прифати забелешките кои што се дадени во извештајот на Светска банка во однос на работењето на Владата по оваа проблематика, кои што се содржани во точка 1/27 од Извештајот. Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Бузлевски Димитар.

Има збор господинот пратеник Андов Стојан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине потпретседател, почитувани колеги, мислам дека овој амандман рационално е и корисно за законот, да биде прифатен. Овој амандман, всушност, ја зацврстува решителноста и на Владата за да спречи непосредни поводи како метод натаму на продавање на претпријатијата.

По други прашања, да речеме, кога се менува нешто во девизниот режим, во извозниот режим, во увозниот режим итн., во вообичаен постапка е започнатите и регистрирани зделки да се завршат по одредбите на законот и на одлуките кои важеле во моментот кога се почнати. Меѓутоа, овде станува збор за продажба и бидејќи намерата е непосредната продажба, непосредната спогодба да биде спречена, тогаш потребно е и за започнатите да биде спречено. Што поголем дел и на започнатите зделки и преговори, што поголем дел од претпријатијата бидат продадени во услови на транспарентност и спречување на непосредна спогодба, тоа во поголем дел е постигната целта на овој закон, со кој Владата сега настапува.

Инаку, морам да ви кажам, бидејќи кај нас не постои, едноставно не постои доверба на јавноста во оваа област на приватизацијата, цело време така одело и сега така оди, не постои доволно доверба дека постојат контролни механизми, јасно да се утврди врз основа на евидентни докази дека навистина некои постапки се веќе почнати и се веќе истерани пред завршување, туку дека низ оваа одредба на Законот повеќе ќе се сомнева дека може се да се протне и се да се прогласи дека веќе почнало, заради тоа, фактички, ако остане оваа одредба вака, јавноста нема да верува во вистинската добра волја на Владата и на парламентот, да спречи продажба на претпријатијата по непосредна спогодба. Т.е. да спречи продажба зад затворени врати и зад грбот на јавноста итн., да спречи начин на продажба, кој овозможува корупција во државата и не овозможува увид на јавноста, нема транспарентност итн. Затоа, зошто кога се прават напори тука да се исправат работите, да се остави едно, да кажеме, така кукавичко јајце, кој целиот закон ќе го доведе под сомневање и целата таа област понатаму ќе ја доведе под

сомневање. Затоа, мислам дека овој амандман треба да биде прифатен. Благодарам.

**ИЛИЗАЈ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Андов Стојан.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јавија неколку пратеници, и одиме по ред.

Има збор г-динот пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

Се јавив за збор, бидејќи ова прашање беше дискутирано на седницата на Комисијата за стопанство по повод измените и дополнувањата на законот кој што го разгледуваме сега и истото прашање му го поставив на претставникот на Владата, кој што беше присутен на седницата на Комисијата за стопанство и го добив следниот одговор, дека, само две претпријатија да е отпочната со одлука на Владата постапка за директна спогодба со стратешкиот партнер. Едниот е ФЕНИ и уште едно претпријатие, така што се работи за две претпријатија.

Со оглед на принципиелното прашање што е поставено во овој амандман, а и со оглед на овој аргумент, кој што јас би замолил министерот да са произнесе дали токму се работи за ФЕНИ и за уште едно претпријатие, сметам дека отпочнатите работи би требало да завршат, обрнувајќи внимание на сето она што значи ФЕНИ - Кавадарци и отпочнатиот процес за приватизација со стратешки партнер. Со оглед на тоа, едно е принципиелното прашање, едно е практичното односно прашање кое што се однесува на конкретна работа, а се работи само за две претпријатија. Јас би замоли, за да се појасни и да се расчисти оваа ситуација, ако може министерот за финансии да ни ја потврди оваа информација, бидејќи во тој случај сметам дека и предлагачот на амандманот би се повлекол, со оглед на тоа дека ќе се разреши еден голем проблем. Знаеме што значи комбинатот ФЕНИ како загубар. Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Карангелески Радомир.

Збор има г-динот министер за финансии, Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Би сакал да го потврдам ова што го кажа г-динот пратеник Карангелески. Се работи за една компанија, а тоа е компанијата ФЕНИ и деликатноста околу нејзиното разрешување.

Второ, да кажам дека пред да дојдат овие измени пред пратениците, беа дискутирани со претставниците на Светската банка и тие се согласни да остане вака како што е предложено. Значи, не постои никаков проблем, од страна на Светската банка, бидејќи се работи за една компанија, чие што разрешување е доста деликатно, а тоа е компанијата ФЕНИ. Затоа, би сугерирал на пратениците да не го прифатат овој амандман.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на министерот за финансии за овој одговор.

Збор има г-дин пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги, јас имам респект кон дискусијата на координаторот на Пратеничката група на Демократска алтернатива, а секако и кон исказот на министерот во делот на презентирање на компанија, која што треба да биде опфатена за доприватизација или за приватизација по одредбите на овој член.

Инаку, ако е само ФЕНИ и ако се работи само за ФЕНИ, да биде ФЕНИ опфатен под одредбите на овој член, јас го повлекувам амандманот и со тоа мислам дека понатамошната расправа ќе биде без предметна.

Околу тоа, дали Светска банка го има прифатено текстот на законот во претходна постапка, мислам дека не е доволно убедливо кажано, затоа што и минатата година кога се носеше законот и тогаш ни беше кажувано тука дека тогашните и такви одредби од Законот се во договор си Светска банка и со ММФ.

Да заклучам, заради објаснувањето, кое што беше дополнително презентирано овдека, јас го повлекувам амандманот.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, значи го повлекувате амандманот.

На екранот се имињата и на неколку други пратеници, кои се пријавени во врска со ова.

Отворам претрес  по амандманот на член 7 поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Илија Филиповски и Илија Иљоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збор има г-динот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Во интерес на расправата по предлог на  законот, бидејќи и овој амандман се однесува на истиот предмет на кој се расправаше, го повлекуваме овој амандман.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Го повлекуваат и овој амандман.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7 - а по членот 7, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7 - а, поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Илија Филиповски и Илија Иљоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Господинот пратеник Гештаковски Александар.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседател, овој амандман би требало да се поддржи од страна на пратениците од причини што во него се нуди, на оние трговски друштва во кои е трансформиран општествениот капитал да може да се изврши правна, сметководствена и финансиска контрола , со цел да се утврди дали е извршена законска приватизација по непосредна спогодба, како би можело да се утврди дали има оштетување на општествениот капитал. Во основа, мислам дека требаше и претставникот на Владата да го поддржи, бидејќи вакво решение и тоа да се изврши контрола на оние фирми, во кои е вршена трансформација, после влегување на законот за измена и дополнување од 30 април 1999 година. Во тој закон постоеше истото такво решение. Тоа е во онаа транспарентност да нема недоверба во однос на приватизацијата. Таа контрола ќе се врши согласно одредбите кои се регулирани во законот, кој овој парламент го усвои со измените кои сега ги укинуваме. И, нема никаква логика овој амандман да не се поддржи. Не прифаќањето од страна на Владата создава недоверба во однос на целокупната трансформација, со донесување на самиот основен закон и измените на законот.

Затоа, би апелирал до пратениците, нема никаков проблем овој амандман да се поддржи и сигурно ќе добие и Владата и Владиното мнозинство во делот на завршените приватизации по непосредна спогодба. Доколку има повреда на општествениот капитал, сигурно ќе се преземат одредбите во кои се предвидени во основниот закон. Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Гештаковски Александар.

Има збор г-динот пратеник Стојановски Наќе.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине потпретседател, јас впрочем, се јавив претходно во расправата на амандманот на г-динот Бузлевски.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Тој амандман е веќе поминат.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Чекам да се создадат услови за да можам да продолжам да зборувам. **ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас мислев дека прекинавте.

Ве молам, да го слушнеме пратеникот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Но, Вие не дадовте збор по тоа прашање.

Во таа смисла јас сега се јавувам Деловнички не по овој амандман по кој се врши расправа, моево јавување нека се смета во смисла на одредбите од деловникот за деловничка интервенција.

Сакам да кажам на господинот министер по финансии, претставник на Владата по законот за одредбите од членот 6 каде што вели, која е се уште актуелна одредба "постапките започнати за приватизација ќе продолжат по стариот

закон". И неговата изјава во овој Парламент е нов момент за мене како пратеник и се разликува многу од дикцијата која е во законот. Затоа што дикцијата е во множина ставено и кажува: постапките започнати итн., а произлегува дека таа одредба по изјавата на министерот сега веќе е одредба специјалист во однос на Акционерското друштво ФЕНИ. Во тој случај таа одредба во Законот и така треба да се прецизира. Во спротивно изјавата на министерот и актите на пратениците овде што дискутираа, поготово и на пратеници кои го имаа поднесено тој амандман стануваат без предметни, што го повлекоа амандманот. Мислам дека во оваа ново настаната ситуација треба на крај кога ќе се исцрпи расправата амандманска да се даде можност евентуално да интервенираме пред се предлагачот, а ако предлагачот не е расположен тогаш пратениците во врска со одредбата која останува и која има сосема поинаква дикција од изјавата што ја даде предлагачот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, се обраќам директно до предлагачите на амандманот 2, тоа се Александар Гештаковски, Илија Филиповски и Илија Илоски за амандманот 2 со кој бараат да се воведе институција ревизија на досегашните извршени приватизации. Меѓутоа, со еден закон не може да се налага и создава обврска од друг закон. Ние имаме закон за ревизија, обврски на органи кои се, предвидено е во самиот закон и се повикуваат по која постапка ќе се спроведе. Сега се бара да се воведе нова задолжителна ревизија, а веќе со самиот закон постои таква ревизија, општо, а не само по еден акт. И сега се прашувам дали ќе треба да го прошириме ова и за порано, и за порано, и до кога било. Господа, се што е направено спогодбено, или по било кој основ имаме во законот да може да се врши ревизија. Со ова законот се оптоварува со нови непотребни обврски. Па затоа една регулирана работа не може повторно да се регулира, затоа што ќе настане колизија во самиот закон што е понапред решено, што сега ќе биде. Од овие причини ги повикувам амандманот да го повлечат.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Расправата по овој амандман од колегата Стојановски од правен аспект ниту малку не држи, бидејќи самата Влада и овој Парламент и во претходните измени и дополнувања на овој закон во април 1999 година кога се воведе институтот непосредна спогодба, Владата предложи таков член и во овој закон тој член дури и се менува. Затоа би му го цитирал само дел во кој ние предлагаме контролата и правната и финансиската да се врши согласно одредбите на Законот во кој постојат. И затоа бидејќи постои и измена и дополна од страна на Владата, само што вика:контролата од став 2 на овој член ја врши Министерството за финансии во стариот закон, односно изменетиот. И сега има измени во кои се додава Управата за јавни приходи и понатаму и овластени правни и физички лица од Министерството за финансии. Што значи објаснувањето од правен аспект дека со еден закон во друг закон, не држат. Сметам дека треба да се поддржи, бидејќи и самата влада врши измени бидејќи ја овластува Управата за јавни приходи да врши контрола на извршените приватизации. Со овој амандман ние само додаваме да се врши контрола и на фирмите и трговските друштва кои се приватизирани по непосредна спогодба. Интересно е неприфаќањето од самата Влада на овој амандман која самата на себе зема одредени сомнежи или во јавноста предизвикува дека овие приватизации не се извршени онака како што треба, или има одредени сомневања дека има оштетување. Со самиот овој амандман и контролата од Управата за јавни приходи и финансии ќе се симнат тие сомневања во делот на приватизацијата по непосредна спогодба која предизвикува и кај пратениците и во јавноста како институт одредена недоверба.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, 23 за, 8 воздржани и 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 7-а поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Илија Филиповски и Илија Илоски.

Со оглед дека имаме уште еден амандман предложен од господинот пратеник Димитар Бузлевски, предлагам пауза од 20 минути додека да ви се подели амандманот.

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници претставници на Владата, продолжуваме со работа.

Пратеникот Димитар Бузлевски, поднесе амандман на член 7 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Димитар Бузлевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не може да го прифати овој амандман бидејќи во меѓувреме се изврши консултација и со Агенцијата за приватизација и можам да ви го кажам следното. Во моментот кога овој закон се подготвуваше, значи овие два закона, оваа точка и следниот за државен капитал имаше две компании како што пред малку кажа господинот Карангелески, кои што требаше да бидат довршени по стариот закон, односно беа започнати. Во меѓувреме сега дознав дека едната компанија е завршена според овој закон. Така што ФЕНИ веќе не спаѓа во овој закон и нема потреба да биде внесен. Додека во другиот закон, во следниот што е би можеле да прифатиме некоја слична форма само да не пишува име на компанија, да речеме да пишува нешто во стилот дека компании за кои што веќе Владата донела одлука за нивна продажба со непосредна спогодба. Тоа е една компанија, тоа е ФЕНИ. Други компании нема. Така што ако може да се врати нешто назад би можеле да прифатиме бришење на членот 7 и со тоа да се заврши приказната за овој закон. Инаку постапката за таа компанија е завршена пред ден,два, а не знаев дека е по овој закон затоа предлагам член 7 да го избришеме така што опозицијата би била задоволна доколку Собранието се сложи за тоа, а во следниот закон во Законот за трансформација на државниот капитал би можеле да прифатиме ваква или слична одредба.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на министерот за одговорот.

Дали предлагачот има нешто да додаде?

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Во име на пратеничката група на СДСМ предлагам ако има можност по деловникот да го вратиме на сила стариот амандман што се одби од Владата, или да се даде пауза од 15 минути и повторно да го поднесеме истиот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Само повторно можете да поднесете амандман. Да се вратиме назад Деловнички не можеме.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Тогаш ве молам да ми одобрите пауза од 15 минути за да го поднесеме амандманот, или продолжете со работа, а во меѓувреме ќе го поднесеме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со другата точка, а во меѓувреме ќе поднесете амандман.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Предлагам да одиме со втората точка. Таму би можеле некоја ваква одредба да прифатиме, но не баш ваква, слична на оваа ако има некоја каде што не се споменува име на компанија, а потоа да се вратиме на претходниот закон и во меѓувреме да се достави амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Господинот пратеник Стојан Андов има деловничка забелешка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ни е потребно да се враќаме на амандмани. Имаме амандман од министерот да се брише членот 7.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Само треба писмено да се поднесе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нека го поднесе.

Тој овде го дава и тоа е влезено во стенографските белешки.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Само треба писмено да се достави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Така што не треба друг да дава амандман.

Тоа е составен дел на Законот како што тој го вели.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Мислам дека има некое такво право да се искористи усно да се даде амандман. Пред некоја седница имаше така некој обид.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Деловнички тоа не може. Само писмено.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Тогаш, да одиме на третата точка, па ќе се вратиме на втората.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал, со Предлог-закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, 66 за, 1 воздржан и 1 против. Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 и за додавање нов член 4-а по членот 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Димитар Бузлевски, поднесе амандман за бришење а член 4 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Александар Гештаковски, Илија Филиповски и Илија Илоски, поднесоа амандмани на член 4 и за додавање нов член 4-а по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4 поднесен од пратеникот Димитар Бузлевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа. Тоа е амандманот што треба да се преформулира во меѓувреме. Во меѓувреме ја очекуваме новата формулација на другиот амандман што сега се подготвува. Овој амандман вели: да се брише. И овој не го прифаќаме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Заради тоа што имав поднесено амандман на претходниот закон во меѓувреме разговаравме со министерот и добив информација дека во компанијата ФЕНИ нема општествен капитал. Се согласивме да се прифати текстот на амандманот кој што го поднесов за бришење на член 7 од Законот. Јас сум согласен, сега треба да се изработи амандманот, а мислам дека го имате, ако не е некоја процедурална грешка истата содржина на тој амандман е таа која што треба да се гласа по тој закон. Сега станува збор за Законот за државен капитал. Со оглед на тоа што се информиравме дека се работи за една компанија, тоа е ФЕНИ во која што има државен капитал. Јас го повлекувам амандманот кој што го имам поднесено на Законот за државен капитал во член 4. Имам поднесено амандман кој што се работи во службата, ќе го добиете потпретседателе, по истиот член каде што предлагам да се продолжи процесот на приватизација на компанијата ФЕНИ во која што има државен капитал, а тој член да не важи за други компании.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Значи го повлекувате овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Илија Филиповски и Илија Илоски.

Пратениците Александар Гештаковски, Илија Филиповски и Илија Илоски го повлекуваат амандманот.

Значи амандманот го повлекувате.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а по членот 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Илија Филиповски и Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата се се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеници, 23 за, 10 воздржани и 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 4 - а поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Илија Филиповски и Илија Илоски.

Пред да продолжиме со претрес по текстот на Предлогот на законот, предлагам пауза од 30 минути, додека да се подготви амандманот и по него да се изјасниме. Пратениците мораат да го поднесат амандманот.

(Пауза од 30 минути).

(По паузата седницата продолжи во 16,05 часот).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата, продолжуваме со работа по третата точка од дневниот ред.

Пратеникот Димитар Бузлевски поднесе амандман на член 4 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Димитар Бузлевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 82 пратеника, 79 "за", три "воздржани" и "против" нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал.

Пред да поминеме на Десеттата точка, предлагам да се вратиме на Втората точка по која пратеникот Димитар Бузлевски подн9С9 амандман за бришење на член 7 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7 поднесен од пратеникот Димитар Бузлевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 90 пратеници, 88 "за", еден "воздржан" и еден "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Минуваме на точката Десет - Предлог на декларација за поддршка на барањето за отворање на паралелка на албански јазик во Гимназијата "Јосип Броз Тито" во Битола.